ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА НЕДВИЖНИ СРЕДСТВА

Член 1

Со оваа одлука се врши отуѓување на недвижни средства, сопственост на Република Македонија, и тоа:

1. Касарна "Даме Груев"-Крива Паланка, лоцирана на К.П. број 3967, КО Крива Паланка, евидентирана во поседовен лист број 6273 со вкупна површина (површина под објекти и слободно земјиште) од 24.595м^2. Број на објекти 19 со вкупна нето површина од 2657м^2.

2. Касарна "Ново Село"-Струмица, лоцирана на К.П. број 6988, КО Ново Село, евидентирана во поседовен лист број 672, со вкупна површина (површина под објекти и слободно земјиште) од 11.511 м^2. Број на објекти 8 со нето површина од 1195 м^2.

3. Касарна "Јосиф Јосифовски Свештарот"-Гевгелија, лоцирана на К.П. бр. 2983 (919240), К.П. број 2984 (414м^2), К.П. број 4252/1 (45.793м^2), К.П. број 4252/2 (800м^2), КО Гевгелија, евидентирана во поседовен лист број 865 со вкупна површина (површина под објекти слободно земјиште) од 138.931м^2. Број на објекти 28 со вкупна нето површина од 37.096м^2, и тоа:

- за отуѓување, земјиште со површина од 123,931м^2 и 22 објекта со вкупна нето површина од 35.697м^2;
- за потребите на Министерството за одбрана-Одделение за одбрана Гевгелија, остануваат 6 објекти со вкупна нето површина од 1399м^2 и земјиште со вкупна површина (површина под објекти слободно земјиште) од 15.000м^2;
- објектите од касарната "Јосиф Јосифовски Свештарот"-Гевгелија означени во ситуација со броевите: 16, 17, 18, 19, 20 и 64 остануваат на користење на Министерството за одбрана за потребите на Одделението за одбрана Гевгелија.

4. Дом на АРМ-Крива Паланка, лоциран на К.П. број 2126, КО Крива Паланка, евидентиран во поседовен лист бр. 1576 со вкупна површина (површина под објектот и дворно место) од 1353м^2. Објектот е со нето површина од 156,27м^2.

5. Дом на АРМ-Велес, лоциран на К.П. број 1846, КО Велес, евидентиран во поседовен лист број 8219, со вкупна површина (површина под објектот и дворно место) од 2663м^2. Објектот е со нето површина од 407м^2.

Член 2

Отуѓувањето на недвижните средства од член 1 на оваа одлука да се изврши по пат на јавно наддавање.

Ако и по повторното јавно наддавање недвижностите не се отуѓат, отуѓувањето да се изврши со непосредно спогодување со заинтересирани правни и физички лица.

Почетната цена за јавното наддавање претставува вредноста утврдена со процена извршена од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, односно од Агенцијата за приватизација на Република Македонија.

Член 3

Се задолжува јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, во соработка со Министерството за одбрана да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Средствата добиени од продажбата на недвижните средства од член 1 на оваа одлука да се уплатат на сметка на Буџетот на Република Македонија, а да се наменат за изградба и одржување на станбениот фонд на Министерството за одбрана.

Член 5

Договорите за продажба на недвижните средства од член 1 на оваа одлука со правните и физичките лица ќе ги склучи министерот за финансии.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2086/1
21 април 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

736.

Комисијата за хартии од вредност постапувајќи по Барањето за измена и продолжување на рок за реализација на деветтата емисија на акции Бр.03-1071 од 13.02.2003 година на Балканска Банка АД Скопје, врз основа на член 50 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00, 103/00, 34/01, 4/02 и 37/02), а во врска со член 216 од Законот за општата управна постапка, на својата седница одржана на 18.04.2003 година, го донесе следното

Д О П О Л Н И Т Е Л Н О Р Е Ш Е Н И Е

Се уважува делот од Барањето Бр.03-1071 од 13.02.2003 година на Балканска Банка АД Скопје за измена на минималниот број на акции кои можат да се запишат и уплатат од деветтата емисија на акции од заинтересирани купувачи и:

1. Се дава согласност на Балканска Банка АД Скопје за измена на условите за реализација на деветтата емисија на акции со што минималниот број на акции кои можат да се запишат и уплатат од деветтата емисија на акции од заинтересирани купувачи изнесува 100 акции, на начин и под услови согласно Одлуката УО бр. 02-426 од 21.01.2003 година за измена на Одлуката бр. 02-2539/11 од 29.05.2002 година за зголемување на акционерскиот капитал на Балканска Банка АД Скопје со издавање акции од деветта емисија и Одлуката на Управниот одбор на Банката бр. 02-4250 од 23.09.2002 година за измена и дополнување на Одлуката бр. 02-2539/11 од 29.05.2002 година.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ја објави измената на текстот на јавниот повик во поглед на минималниот број на акции кои можат да се запишат и уплатат од деветтата емисија на акции од заинтересирани купувачи, во најмалку еден дневен весник во рок од три дена од денот на приемот на ова решение, и за тоа да ја извести Комисијата за хартии од вредност.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и истото ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1766/11-2002
18 април 2003 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

737.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 2 април 2003 година, донесе

О Д Л У К А

1. Се укинуваат членовите: 34 и 35 од Законот за стопанските комори ("Службен весник на Република Македонија" бр. 54/2002).

2. Се укинува времената мерка за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија донесени, односно преземени врз основа на оспориот закон.

3. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија по иницијативите на Стопанската комора на Македонија, Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија и Синдикалната организација при Стопанската комора на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста на членовите 34 и 35 од законот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот на Република Македонија.

5. Судот на седницата утврди дека согласно став 1 на член 34 од Законот, Владата на Република Македонија во рок од 30 дена по влегувањето во сила на овој закон ќе формира комисија, која ќе го утврди вкупниот имот со кој располага Стопанската комора на Македонија. Притоа, комисијата ќе ја утврди одделно вредноста и висината на државниот имот со кој располага Стопанската комора на Македонија, како и вредноста и висината на останатиот имот со кој располага Стопанската комора на Македонија.

Во ставот 2 на овој член од Законот е предвидено дека имотот за кој ќе се утврди дека е во сопственост на Стопанската комора на Македонија, ќе се пренесе на новонастанатите комори, а останатиот имот останува во сопственост на Република Македонија.

Согласно ставот 3 на овој член од Законот сразмерно на пренесениот имот од став 2 на овој член, новооснованата комора презема дел од вработените од Стопанската комора на Македонија.

Исто така, Судот утврди дека согласно членот 35 став 1 од Законот, коморите кои ќе се конституираат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе учествуваат во распределбата на имотот според членот 34 став 2 на овој закон.

Според ставот 2 на овој член од Законот, до конституирањето на коморите од ставот 1 на овој член, Стопанската комора на Македонија продолжува да работи.

6. Оспорените одредби од членовите 34 и 35 од Законот спаѓаат во главата на преодните и завршните одредби, кои имаат временски карактер и кои, како такви, го уредуваат начинот како ќе се изврши премин од постоечките на новите правни норми.

Во тој контекст, членот 34 од Законот кој предвидува формирање на комисија (од страна на Владата) која ќе го утврди вкупниот имот; ќе ја утврди одделно вредноста и висината на државниот имот со кој располага Комората, како и вредноста и висината на останатиот имот со кој таа располага, според Судот отвора низа прашања во врска со повреда на правото на сопственост; за критериумите според кои Владата ќе ги определува членовите на оваа комисија и за критериумите според кои ќе се утврдува вредноста и поделбата на имотот на Комората.

Имено, познато е дека Комората е правно лице кое, како такво, има имот што е негова сопственост и не може никој друг да располага со тој имот. Како правно лице, Комората влегла во низа деловни односи, поради што според Судот неопходно е прво да се поведе постапка за ликвидација, па дури потоа да се врши распределба на останатиот имот.

Со други зборови, според оценката на Судот, во членот 34 од Законот се занемарени правилата за престанок на правното лице, па во тој контекст се отвора прашањето за распределба на ликвидационата маса која, според законот, треба да им припадне на членовите на Комората.

Во спротивно, како што е во случајов, Судот оцени дека се повредува принципот на владеење на правото, што е загарантиран со Уставот.

Во однос на имотот на Комората, Судот оцени дека таа функционира врз принципот на самоорганизација и саморегулација, од причина што Комората никогаш не била врзана за буџетот на државата.

Во конкретниов случај, целокупниот имот на Комората е стекнат од активностите и придонесите на стопанските субјекти зачленети во неа кои вршеле уплата на коморски придонес.

Од тие причини, според Судот, Владата на Република Македонија нема правен основ да располага со него. Ова дотолку повеќе што не е во прашање ниту јавен интерес утврден со закон.

Исто така, во ставот 2 на членот 34 од Законот отсуствува одредба според која во Комисијата ќе се вклучат луѓе од Комората кои ќе го оценат имотот по паритетна основа, при што ќе се имаат предвид сите досегашни асоцијации и членки на комората со чие финансирање нејзиниот имот е зголемуван.

За Судот е неспорно дека Комората беше финансирана од сите правни субјекти што вршат стопански дејности, па според тоа Владата не може да биде овластена во улога на врховен арбитер, така создадениот имот, да го распределува на правни и физички лица што ќе одлучат да формираат комора.

Што се однесува до ставот 3 на член 34 од Законот, според кој сразмерно на пренесениот имот, новоосновaната комора презема дел од вработените во Стопанската комора, Судот оцени дека ваквото решение е нецелосно и непрецизно.

Имено, според оценката на Судот, Законот би требало, за решавање на статусот на вработените во Комората, да упатува на решенијата содржани во Законот за работните односи или, пак, да се предвиди работниот однос во стручната служба на Стопанската комора на Македонија да се трансформира во работен однос во стручните служби на стопанските комори основани со овој закон, а распоредувањето да се изврши соодветно на работните задачи што секој вработен ги вршел на денот на влегувањето во сила на овој закон.

Од тие причини, Судот оцени дека членот 34 е несогласен со Уставот на Република Македонија.

Во однос на членот 35 од Законот Судот оцени дека истиот е несогласен со Уставот од причина што е суштински поврзан со членот 34 од Законот, односно содржи решение според кое коморите, кои ќе се конституираат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе учествуваат во распределбата на имотот според членот 34 став 2 на овој закон.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Тодор Џунов и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У. бр. 131/2002
2 април 2003 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Тодор Џунов,** с.р.

738.

Врз основа на точка 3 став 2 од Одлуката за задолжителна резерва на банките во девизи („Службен весник на РМ“ бр. 19/03) и член 69, став 1 од Законот за Народна банка („Службен весник на РМ“ бр.3/02), гувернерот на Народна банка на Република Македонија на 24.04.2003 година, донесе

У П А Т С Т В О
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ ВО ДЕВИЗИ

1. Согласно Одлуката за задолжителна резерва на банките во девизи („Службен весник на РМ“ бр.19/03), обврска за пресметување и издвојување на задолжителна резерва имаат банките во Република Македонија кои од Народна банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка) се овластени за вршење на девизно валутни работи во земјата и платен промет и кредитни работи со странство (во натамошниот текст: банки).

2. Основата за пресметка на задолжителна резерва се состои од девизни извори на средства согласно Методологијата за пресметка на основата за задолжителната резерва на банките во девизи која е составен дел на ова упатство.

3. Пресметката на задолжителната резерва во девизи банките ја составуваат на Извештај за пресметка на обврската за задолжителната резерва на банките во девизи - Образец ЗРД (Прилог 1).

Во дел I од Образецот ЗРД банките се должни да го внесат просекот на дневните состојби на сметките кој претставува основа за пресметка на обврската за задолжителна резерва во девизи.

Просекот на дневните сосотојби на сметките се пресметува на тој начин што се собираат состојбите на сметките за секој календарски ден во пооделни валути од претходниот месец и добиениот збир се дели со календарскиот број на денови. Вака добиените проседи на состојбите на сметките пресметани во одделни валути, се искажуваат во денари и во евра со примена на средниот курс на Народна банка кој важи на последниот ден на пресметката, односно последниот календарски ден во месецот.

Во дел II од Образецот ЗРД банките ја внесуваат основата за пресметка на задолжителна резерва во девизи. Основата се пресметува како збир од просечните дневни состојби на пооделните сметки искажани во денари и евра во дел I.

Во дел III од Образецот ЗРД се внесува обврската за издвојување на задолжителна резерва на банките во девизи за тековниот период. Обврската се пресметува со примена на пропишаната стапка согласно точка 5 од Одлуката за задолжителна резерва на банките во девизи врз утврдената основа од дел II (во денари и евра).

Во дел IV од Образецот ЗРД се внесува обврската за издвојување на задолжителна резерва во девизи од претходниот период која се споредува со обврската за издвојување во тековниот период - дел V. Доколку разликата помеѓу тековната и претходната обврска за издвојување на задолжителна резерва во девизи, искажана во дел V е позитивна, банката има обврска да изврши доплата на нето износот. Доколку разликата е негативна, Народна банка има обврска да изврши враќање на нето износот. Доплатата, односно враќањето на нето износот се врши во евра.

Банките се должни да ја достават пресметката на обврската за задолжителна резерва во девизи за претходниот месец најдоцна до 10-ти во месецот до Народна банка - Дирекција за централно банкарски операции.

4. Банките се должни износот на пресметаната задолжителна резерва да го трансферираат во евра на сметката на Народна Банка кај Deutsche Bundesbank Frankfurt.

Банките се должни до Народна банка да достават инструкции за реализација на трансферите на девизните средства по основ на враќање на разликата помеѓу издвоената со претходната пресметка и пресметаната задолжителна резерва во девизи согласно последната пресметка. Инструкциите за реализација на трансферите треба да бидат доставени до Народна банка, Дирекција за девизни резерви и операции на девизниот пазар, најдоцна до денот на првото издвојување на обврската за задолжителна резерва во девизи. Доколку настанат промени на претходно доставените инструкции, банките се должни благовремено да достават нови инструкции за реализација на трансферите на девизни средства.

При реализацијата на трансферите ќе се постапува согласно дел VI Меѓубанкарски односи, точка 147 од Упатството за платен промет со странство.

5. Средствата од точка 3 став 5 од ова упатство треба да бидат одобрени со валута 11-ти во тековниот месец и се одржуваат на фиксно ниво до 10-ти во наредниот месец.

Доколку 11-ти е неработен ден, при што не е возможен трансфер на средства во евра преку сметки во странство, реализацијата на трансферот се врши првиот работен ден, кој воедно се смета за прв ден во периодот на одржување на задолжителната резерва во девизи.

6. На издвоените средства во задолжителна резерва во девизи, во висина на обврската Народна банка плаќа надомест.

Висината на надоместот е идентична на просечно остварената камата на пласираните средства во Deutsche Bundesbank Frankfurt од страна на Народна банка.

Плаќањето на надоместот се врши првиот работен ден по завршување на периодот на одржување на обврската за задолжителна резерва во девизи, со одобрување на износот на надомест според инструкциите дадени во точка 4 став 2 од ова упатство.

7. Затезната камата согласно точка 10 од Одлуката за задолжителна резерва на банките во девизи се плаќа во денари, првиот работен ден од настанување на обврската за плаќање на затезна камата.

8. Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.05.2003 година.

У.бр. 1422
24 април 2003 година
Скопје

Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

МЕТОДОЛОГИЈА
за пресметка на основата за задолжителна резерва на банките во девизи

7010 Тековни сметки на странски банки во странска валута

7019 Посебни сметки на странски банки во странска валута

7040 Девизни лоро покриени акредитиви

7041 Девизни лоро покриени гаранции

7060 Покритија по чекови и кредитни писма во странска валута

7080 Тековни сметки на нерезиденти-нефинансиски правни лица

7081 Тековни сметки на странски амбасади и други дипломатски претставништва

7085 Тековни сметки на нерезиденти-други финансиски институции

7086 Тековни сметки на нерезиденти-други правни лица

7087 Тековни сметки на нерезиденти-физички лица

7088 Посебни сметки на нерезиденти-нефинансиски правни лица

7089 Посебни сметки на нерезиденти-други финансиски институции

7100 Тековни сметки на нефинансиски правни лица во странска валута

7105 Тековни сметки на други финансиски институции во странска валута

7121 Посебни тековни сметки на овластени менувачи во странска валута

7122 Посебни тековни сметки на правни лица овластени за трансфер на пари во странска валута

7123 Посебни тековни сметки на правни лица овластени приредувачи на игри на среќа

7199 Други средства на правни лица во странска валута

7211 Тековни сметки во странска валута на локално ниво на државата

7260 Сметки во странска валута на други правни лица-непрофитни институции

7270 Тековни сметки во странска валута на самостојни вршители на дејност со личен труд

7271 Штедни влогови по видување во странска валута на население

7272 Тековни сметки во странска валута на население

7310 Издадени комерцијални записи во странска валута

7311 Издадени сертификати за депозит во странска валута

7312 Издадени обврзници за депозит во странска валута

7380 Други краткорочни депозити и други обврски во странска валута

7400 Краткорочно орочени депозити во странска валута на нефинансиски правни лица до еден месец

7401 Краткорочно орочени депозити во странска валута на нефинансиски правни лица до три месеци

7402 Краткорочно орочени депозити во странска валута на нефинансиски правни лица до шест месеци

7403 Краткорочно орочени депозити во странска валута на нефинансиски правни лица до една година

7460 Краткорочно орочени депозити во странска валута на други правни лица-непрофитни институции до еден месец

7461 Краткорочно орочени депозити во странска валута на други правни лица-непрофитни институции до три месеци

7462 Краткорочно орочени депозити во странска валута на други правни лица-непрофитни институции до шест месеци

7463 Краткорочно орочени депозити во странска валута на други правни лица-непрофитни институции до една година

7470 Краткорочно орочени депозити во странска валута на население до еден месец

7471 Краткорочно орочени депозити во странска валута на население до три месеци

7472 Краткорочно орочени депозити во странска валута на население до шест месеци

7473 Краткорочно орочени депозити во странска валута на население до една година

7480 Краткорочно орочени депозити во странска валута на нерезиденти до еден месец

7481 Краткорочно орочени депозити во странска валута на нерезиденти до три месеци

7482 Краткорочно орочени депозити во странска валута на нерезиденти до шест месеци

7483 Краткорочно орочени депозити во странска валута на нерезиденти до една година

7521 Краткорочни кредити од странски банки и други финансиски институции во странска валута за сметка на банката

7529* Достасани, а неизмирени краткорочни кредити од странски банки и други финансиски институции во странска валута

7540 Краткорочни кредити од други нерезиденти во странска валута

7549 Достасани, а неизмирени краткорочни кредити од други нерезиденти во странска валута

7600 Долгорочно орочени депозити во странска валута на нефинансиски правни лица

7610 Долгорочно орочени депозити во странска валута на локално ниво на државата

7660 Долгорочно орочени депозити во странска валута на други коминтенти

7670 Долгорочно орочени депозити во странска валута на население

7680 Долгорочно орочени депозити во странска валута на нерезиденти

7721 Долгорочни кредити од странски банки и други финансиски институции во странска валута за сметка на банката

7729* Достасани, а неизмирени долгорочни кредити од странски банки и други финансиски институции во странска валута

7740 Долгорочни кредити од други нерезиденти во странска валута

7749 Достасани, а неизмирени долгорочни кредити од други нерезиденти во странска валута

Скопје, 24.04.2003 година

* На сметка 7529 - Достасани, а неизмирени краткорочни кредити од странски банки и други финансиски институции во странска валута и сметка 7729 - Достасани, а неизмирени долгорочни кредити од странски банки и други финансиски институции во странска валута се вклучува само за делот на достасани, а неизмирени кредити за сметка на банката, кои произлегуваат од сметка 7521 и сметка 7721.

Прилог 1 Образец ЗРД

_____
Име на банката

_____
Седиште

И З В Е Ш Т А Ј
за пресметка на обврската за задолжителна резерва на банките во девизи за _____ 2003 година

I.	Просечна дневна состојба на сметките		
	Опис	Во денари	Во евра
7010	Тековни сметки на странски банки во странска валута		
7019	Посебни сметки на странски банки во странска валута		
7040	Девизни лоро покриени акредитиви		
7041	Девизни лоро покриени гаранции		
7060	Покритија по чекови и кредитни писма во странска валута		
7080	Тековни сметки на нерезиденти-нефинансиски правни лица		
7081	Тековни сметки на странски амбасади и други дипломатски претставништва		
7085	Тековни сметки на нерезиденти-други финансиски институции		
7086	Тековни сметки на нерезиденти-други правни лица		
7087	Тековни сметки на нерезиденти - физички лица		
7088	Посебни сметки на нерезиденти-нефинансиски правни лица		
7089	Посебни сметки на нерезиденти-други финансиски институции		
7100	Тековни сметки на нефинансиски правни лица во странска валута		
7105	Тековни сметки на други финансиски институции во странска валута		
7121	Посебни тековни сметки на овластени менувачи		
7122	Посебни тековни сметки на правни лица овластени за трансфер на пари во странска валута		
7123	Посебни тековни сметки на правни лица овластени приредувачи на игри на среќа		
7199	Други средства на правни лица во странска валута		
7211	Тековни сметки во странска валута на локално ниво на државата		
7260	Сметки во странска валута на други правни лица - непрофитни институции		
7270	Тековни сметки во странска валута на самостојни вршители на дејност со личен труд		
7271	Штедни влогови по видување во странска валута на население		
7272	Тековни сметки во странска валута на население		
7310	Издадени комерцијални записи во странска валута		
7311	Издадени сертификати за депозит во странска валута		
7312	Издадени обврзници за депозит во странска валута		
7380	Други краткорочни депозити и други обврски во странска валута		
7400	Краткорочно орочени депозити во странска валута на нефинансиски правни лица до еден месец		
7401	Краткорочно орочени депозити во странска валута на нефинансиски правни лица до три месеци		
7402	Краткорочно орочени депозити во странска валута на нефинансиски правни лица до шест месеци		
7403	Краткорочно орочени депозити во странска валута на нефинансиски правни лица до една година		
7460	Краткорочно орочени депозити во странска валута на други правни лица - непрофитни институции до еден месец		
7461	Краткорочно орочени депозити во странска валута на други правни лица - непрофитни институции до три месеци		
7462	Краткорочно орочени депозити во странска валута на други правни лица - непрофитни институции до шест месеци		
7463	Краткорочно орочени депозити во странска валута на други правни лица - непрофитни институции до една година		
7470	Краткорочно орочени депозити во странска валута на население до еден месец		
7471	Краткорочно орочени депозити во странска валута на население до три месеци		
7472	Краткорочно орочени депозити во странска валута на население до шест месеци		
7473	Краткорочно орочени депозити во странска валута на население до една година		
7480	Краткорочно орочени депозити во странска валута на нерезиденти до еден месец		
7481	Краткорочно орочени депозити во странска валута на нерезиденти до три месеци		
7482	Краткорочно орочени депозити во странска валута на нерезиденти до шест месеци		
7483	Краткорочно орочени депозити во странска валута на нерезиденти до една година		
7521	Краткорочни кредити во девизи од странски банки и други финансиски институции за сметка на банката		
7529*	Достасани а неизмирени краткорочни кредити од странски банки и други финансиски институции во странска валута		
7540	Краткорочни кредити од други нерезиденти во странска валута		
7549	Достасани а неизмирени краткорочни кредити од други нерезиденти во странска валута		
7600	Долгорочно орочени депозити во странска валута на нефинансиски правни лица		
7610	Долгорочно орочени депозити во странска валута на локално ниво на државата		
7660	Долгорочно орочени депозити во странска валута на други коминтенти		
7670	Долгорочно орочени депозити во странска валута на население		
7680	Долгорочно орочени депозити во странска валута на нерезиденти		
7721	Долгорочни кредити од странски банки и други финансиски институции во странска валута за сметка на банката		
7729*	Достасани а неизмирени долгорочни кредити од странски банки и други финансиски институции во странска валута		
7740	Долгорочни кредити од други нерезиденти во странска валута		
7749	Достасани а неизмирени долгорочни кредити од други нерезиденти во странска валута		

II.	Основа за пресметка на задолжителна резерва во девизи (вкупна состојба на сметките)		
III.	Обврска за задолжителна резерва во девизи за тековен период (пропишан процент од износот од дел II)		
IV.	Обврска за задолжителна резерва во девизи од претходен период		
V.	Разлика (III-IV) при што (+) нето износ означува средства за доплата/(-) нето износ означува средства за враќање		

Скопје, _____ година

Печат и потпис
на овластено лице

_____

* На сметка 7529 - Достасани а неизмирени краткорочни кредити од странски банки и други финансиски институции во странска валута и сметка 7729 - Достасани а неизмирени долгорочни кредити од странски банки и други финансиски институции во странска валута се вклучува само за делот на достасани а неизмирени кредити за сметка на банката, кои произлегуваат од сметка 7521 и сметка 7721.

_____

739.

Врз основа на точка 8 став 1 од Одлуката за задолжителна резерва на банките во денари („Сл. весник на РМ“ бр. 20/2003-пречистен текст) и член 69 став 1 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 3/2002), гувернерот на Народна банка на Република Македонија на 23.04.2003 година, донесе

У П А Т С Т В О
ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ ВО ДЕНАРИ

1. Согласно точка 3 од Одлуката за задолжителна резерва на банките во денари („Сл. весник на РМ“ бр. 20/2003-пречистен текст), задолжителната резерва се пресметува врз основа на состојбата на пропишаните сметки во Методологијата за пресметка на основата за задолжителна резерва на банките во денари, за секој календарски ден во претходниот месец. За деновите кои се неработни, се внесува состојбата на депозитите од последниот работен ден.

2. Пресметувањето на обврската за задолжителна резерва се извршува на начин објаснет во редовите од А) до В) во Извештајот за пресметување на обврската за задолжителна резерва на банките во денари.

Во редот под А) "Вкупно", се пресметува збир од износите од соодветната колона.

Во редот под Б) "Основа за пресметка на ЗР", се утврдува просечната дневна состојба на депозитите во претходниот месец. Просечната дневна состојба се добива со делење на износите добиени во редот А) со бројот на календарски денови во претходниот месец.

Обврската за задолжителна резерва се внесува во редот под В) "Обврска за ЗР" во колона 13. Обврската за задолжителна резерва се добива со примена на пропишаната стапка согласно точка 2 од Одлуката за задолжителна резерва на банките во денари, на износот добиен во редот под Б) колона 13.

3. Првиот Извештај на овој образец се изготвува за мај 2003 година, а треба да се достави најдоцна до 11.06.2003 година.

4. Составен дел на упатството е Методологијата за пресметка на основата за задолжителна резерва на банките во денари која ќе се применува од 01.05.2003 година.

5. Ова упатство влегува во сила со денот на потпишување.

У.бр. 1420
23 април 2003 година
Скопје

Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

И З В Е Ш Т А Ј

за пресметување на обврската за задолжителна резерва на банките во денари за _____ 2003 година

Датум													
0	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13

М Е Т О Д О Л О Г И Ј А
за пресметка на основата за задолжителна резерва на банките во денари

Банките пресметуваат и издвојуваат задолжителна резерва на обврските кои се опфатени во следните биланси категории и сметки:

1 Примени аванси за останати намени
- 2559 Примени аванси за останати намени

2 Депозити по жиро-сметки и тековни сметки
- 8000 жиро-сметки на нефинансиски правни лица - јавни претпријатија
- 8001 жиро-сметки на нефинансиски правни лица - општествени претпријатија
- 8002 жиро-сметки на нефинансиски правни лица - приватни претпријатија
- 8009 Преодна сметка на жиро-сметки на нефинансиски правни лица
- 8010 жиро-сметки на Држава
- 8011 жиро-сметки на единици на локална самоуправа
- 8012 жиро-сметки на Фонд за пензиско и инвалидско осигурување
- 8013 жиро-сметки на Фонд за здравствено осигурување
- 8014 жиро-сметки на Фонд за вработување
- 8015 жиро-сметки на други републички фондови, агенции и дирекции
- 8016 жиро-сметки на институциите на централната државна власт
- 8017 жиро-сметки на установи од јавниот сектор
- 8053 жиро-сметки на осигурителни компании
- 8054 жиро-сметки на останати финансиски организации
- 8060 жиро-сметки на други комитенти
- 8070 жиро-сметки на население
- 8071 Тековни сметки на население
- 8072 жиро-сметки на здружение на граѓани
- 8080 Депозити на странски лица
- 8081 Тековни сметки на странски лица
- 8082 Посебни сметки на странски лица

3 Депозити на сметките на заедничката потрошувачка и други ограничени депозити
- 8100 Средства на заедничка потрошувачка на нефинансиски правни лица
- 8110 Средства на заедничка потрошувачка на јавен сектор
- 8140 Ограничени депозити на нефинансиски правни лица за подмирување на отворени акредитиви во домашниот платен промет
- 8141 Ограничени депозити на јавен сектор за подмирување на отворени акредитиви во домашниот платен промет
- 8145 Ограничени депозити на банки и други финансиски организации за подмирување на отворени акредитиви во домашниот платен промет
- 8146 Ограничени депозити на други комитенти за подмирување на отворени акредитиви во домашниот платен промет
- 8147 Ограничени депозити на население за подмирување на отворени акредитиви во домашниот платен промет
- 8148 Ограничени депозити на странски лица за подмирување на отворени акредитиви во домашниот платен промет
- 8149 Ограничени депозити на јавен сектор за посебни намени
- 8150 Средства на заедничка потрошувачка на банки и други финансиски организации
- 8160 Средства на заедничка потрошувачка на други комитенти

4 Други депозити по видување
- 8203 Депозити по видување на нефинансиски правни лица по инструменти за безготовинско плаќање (бизнис картички)
- 8204 Депозити по видување на нефинансиски правни лица за дознаки во странство
- 8205 Депозити по видување на нефинансиски правни лица на име покритие по акредитиви, гаранции и кредити во странство
- 8206 Депозити по видување на нефинансиски правни лица за издавање чекови и кредитни писма на странски средства за плаќања
- 8207 Депозити по видување на нефинансиски правни лица за купување на девизи
- 8209 Други депозити по видување на нефинансиски правни лица
- 821 Други депозити по видување на јавен сектор
- 826 Други депозити по видување на други комитенти
- 8271 Штедни влогови по видување на население
- 8279 Други депозити по видување на население
- 828 Други депозити по видување на странски лица

5 Краткорочни обврски по издадени хартии од вредност
- 8300 Краткорочни обврски спрема нефинансиски правни лица по издадени хартии од вредност до еден месец
- 8301 Краткорочни обврски спрема нефинансиски правни лица по издадени хартии од вредност до три месеци
- 8302 Краткорочни обврски спрема нефинансиски правни лица по издадени хартии од вредност до шест месеци
- 8303 Краткорочни обврски спрема нефинансиски правни лица по издадени хартии од вредност над шест месеци
- 8309 Достасани, а неизмирени краткорочни обврски на нефинансиски правни лица по издадени хартии од вредност
- 8310 Краткорочни обврски спрема јавен сектор по издадени хартии од вредност до еден месец
- 8311 Краткорочни обврски спрема јавен сектор по издадени хартии од вредност до три месеци
- 8312 Краткорочни обврски спрема јавен сектор по издадени хартии од вредност до шест месеци
- 8313 Краткорочни обврски спрема јавен сектор по издадени хартии од вредност над шест месеци
- 8319 Достасани, а неизмирени краткорочни обврски спрема јавниот сектор по издадени хартии од вредност
- 8360 Краткорочни обврски спрема други комитенти по издадени хартии од вредност до еден месец
- 8361 Краткорочни обврски спрема други комитенти по издадени хартии од вредност до три месеци
- 8362 Краткорочни обврски спрема други комитенти по издадени хартии од вредност до шест месеци
- 8363 Краткорочни обврски спрема други комитенти по издадени хартии од вредност над шест месеци
- 8369 Достасани, а неизмирени краткорочни обврски спрема други комитенти по издадени хартии од вредност

8370 Краткорочни обврски спрема население по издадени хартии од вредност до еден месец
8371 Краткорочни обврски спрема население по издадени хартии од вредност до три месеци
8372 Краткорочни обврски спрема население по издадени хартии од вредност до шест месеци
8373 Краткорочни обврски спрема население по издадени хартии од вредност над шест месеци
8379 Достасани, а неизмирени краткорочни обврски спрема население по издадени хартии од вредност
838 Обврски спрема странски лица по издадени хартии од вредност

6 Обврски по краткорочни кредити
8400 Обврски по краткорочни кредити спрема нефинансиски правни лица до еден месец
8401 Обврски по краткорочни кредити спрема нефинансиски правни лица до три месеци
8402 Обврски по краткорочни кредити спрема нефинансиски правни лица до шест месеци
8403 Обврски по краткорочни кредити спрема нефинансиски правни лица над шест месеци
8409 Достасани, а неизмирени обврски по краткорочни кредити спрема нефинансиски правни лица
8410 Обврски по краткорочни кредити спрема јавен сектор до еден месец
8411 Обврски по краткорочни кредити спрема јавен сектор до три месеци
8412 Обврски по краткорочни кредити спрема јавен сектор до шест месеци
8413 Обврски по краткорочни кредити спрема јавен сектор над шест месеци
8419 Достасани, а неизмирени обврски по краткорочни кредити спрема јавен сектор
848 Обврски по краткорочни кредити спрема странски лица
8453 Обврски по краткорочни кредити спрема осигурителни компании
8454 Обврски по краткорочни кредити спрема останати финансиски организации
8459 Достасани, а неизмирени обврски по краткорочни кредити спрема банки и други финансиски организации
8460 Обврски по краткорочни кредити спрема други комитенти до еден месец
8461 Обврски по краткорочни кредити спрема други комитенти до три месеци
8462 Обврски по краткорочни кредити спрема други комитенти до шест месеци
8463 Обврски по краткорочни кредити спрема други комитенти над шест месеци
8469 Достасани, а неизмирени обврски по краткорочни кредити спрема други комитенти

7 Обврски за други краткорочни средства
8500 Обврски за други краткорочни средства на нефинансиски правни лица
8509 Достасани, а неизмирени обврски за други краткорочни средства на нефинансиски правни лица
8510 Обврски за други краткорочни средства на јавен сектор
8519 Достасани, а неизмирени обврски за други краткорочни средства на јавен сектор
858 Обврски на други краткорочни средства на странски лица
8560 Обврски за други краткорочни средства на други комитенти
8569 Достасани, а неизмирени обврски на други краткорочни средства на други комитенти

8 Орочени депозити
8700 Орочени депозити на нефинансиски правни лица до еден месец
8702 Орочени депозити на нефинансиски правни лица до три месеци
8703 Орочени депозити на нефинансиски правни лица до шест месеци
8704 Орочени депозити на нефинансиски правни лица над шест месеци
8710 Орочени депозити на јавен сектор до еден месец
8712 Орочени депозити на јавен сектор до три месеци
8713 Орочени депозити на јавен сектор до шест месеци
8714 Орочени депозити на јавен сектор над шест месеци
8760 Орочени депозити на други комитенти до еден месец
8762 Орочени депозити на други комитенти до три месеци
8763 Орочени депозити на други комитенти до шест месеци
8764 Орочени депозити на други комитенти над шест месеци
8770 Орочени депозити на население до еден месец
8772 Орочени депозити на население до три месеци
8773 Орочени депозити на население до шест месеци
8774 Орочени депозити на население над шест месеци
8780 Орочени депозити на странски лица до еден месец
8782 Орочени депозити на странски лица до три месеци
8783 Орочени депозити на странски лица до шест месеци
8784 Орочени депозити на странски лица над шест месеци

9 Долгорочни депозити
9200 Долгорочни депозити на нефинансиски правни лица со одредена намена
9201 Долгорочни депозити на нефинансиски правни лица без одредена намена
9210 Долгорочни депозити на јавен сектор со одредена намена
9211 Долгорочни депозити на јавен сектор без одредена намена
9254 Долгорочни депозити на други финансиски организации
9260 Долгорочни депозити на други комитенти со одредена намена
9261 Долгорочни депозити на други комитенти без одредена намена
9270 Долгорочни штедни влогови на население
9279 Други долгорочни депозити на население
9280 Долгорочни депозити на странски лица со одредена намена
9281 Долгорочни депозити на странски лица без одредена намена

10 Долгорочни обврски по издадени хартии од вредност
9300 Долгорочни обврски спрема нефинансиски правни лица по издадени хартии од вредност
9309 Достасани, а неизмирени долгорочни обврски спрема нефинансиски правни лица по издадени хартии од вредност
9310 Долгорочни обврски спрема јавен сектор по издадени хартии од вредност

9319 Достасани, а неизмирени долгорочни обврски спрема јавен сектор по издадени хартии од вредност
9354 Долгорочни обврски спрема други финансиски организации по издадени хартии од вредност
9360 Долгорочни обврски спрема други комитенти по издадени хартии од вредност
9369 Достасани, а неизмирени долгорочни обврски спрема други комитенти по издадени хартии од вредност
9370 Долгорочни обврски спрема население по издадени хартии од вредност
9379 Достасани, а неизмирени долгорочни обврски спрема население по издадени хартии од вредност
938 Обврски спрема странски лица по издадени хартии од вредност

11 Обврски по долгорочни кредити
940 Обврски по долгорочни кредити спрема нефинансиски правни лица
941 Обврски по долгорочни кредити спрема јавен сектор
9454 Обврски по долгорочни кредити спрема останати финансиски организации
9459 Достасани, а неизмирени обврски по долгорочни кредити спрема банки и финансиски организации
946 Обврски по долгорочни кредити спрема други комитенти
948 Обврски по долгорочни кредити спрема странски лица

12 Обврски за други долгорочни средства
951 Обврски за други долгорочни средства на јавен сектор
950 Обврски за други долгорочни средства на нефинансиски правни лица
955 Обврски за други долгорочни средства на банки и други финансиски организации
956 Обврски за други долгорочни средства на други комитенти
958 Обврски за други долгорочни средства на странски лица

Скопје, 23.04.2003 година

740.

Врз основа на точка 5 став 1 од Одлуката за задолжителна резерва на штедилниците во денари („Сл. весник на РМ“ бр. 20/2003-пречистен текст) и член 69 став 1 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 3/2002), гувернерот на Народна банка на Република Македонија на 23.04.2003 година, донесе

У П А Т С Т В О
ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА НА ШТЕДИЛНИЦИТЕ ВО ДЕНАРИ

1. Согласно точка 3 од Одлуката за задолжителна резерва на штедилниците во денари („Сл. весник на РМ“ бр. 20/2003-пречистен текст), задолжителната резерва се пресметува врз основа на состојбата на пропишаните сметки кај штедилницата за секој календарски ден во претходниот месец. За деновите кои се неработни, се внесува состојбата на депозитите од последниот работен ден.

2. Пресметувањето на обврската за задолжителна резерва се извршува на начин објаснет во редовите од А) до В) во Извештајот за пресметување на обврската за задолжителна резерва на штедилниците во денари.

Во редот под А) "Вкупно", се пресметува збир од износите од соодветната колона.

Во редот под Б) "Основа за пресметка на ЗР", се утврдува просечната дневна состојба на депозитите во претходниот месец. Просечната дневна состојба се добива со делење на износите добиени во редот А) со бројот на календарски денови во претходниот месец.

Обврската за задолжителна резерва се внесува во редот под В) "Обврска за ЗР" во колона 14. Обврската за задолжителна резерва се добива со примена на пропишаната стапка согласно точка 2 од Одлуката за задолжителна резерва на штедилниците во денари, на износот добиен во редот под Б) колона 14.

3. Првиот Извештај на овој образец се изготвува за мај 2003 година, а треба да се достави најдоцна до 11.06.2003 година.

4. Ова упатство влегува во сила со денот на потпишување.

У.бр. 1421
23 април 2003 година
Скопје

Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.



741.

Врз основа на точка 8 став 2 од Одлуката за задолжителна резерва на банките во денари („Сл. весник на РМ“ бр. 20/2003-пречистен текст) и член 69 став 1 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 3/2002), гувернерот на Народна банка на Република Македонија на 23.04.2003 година, донесе

У П А Т С Т В О
ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРЕГЛЕДОТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПРОСЕЧНО НИВО НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ ВО ДЕНАРИ

1. Со цел да се обезбеди унифицирано пополнување на Прегледот за одржување на просечно ниво на задолжителна резерва на банките во денари - Образец ЗРО согласно Одлуката за задолжителна резерва на банките во денари („Сл. весник на РМ“ бр. 20/2003-пречистен текст), како и со цел да се избегнат одредени грешки и пропусти при издвојувањето и одржувањето на задолжителната резерва, потребно е колоните во Прегледот да се пополнат на следниот начин:

- Колона 1 - се внесува датумот во периодот на исполнување. Согласно точка 4 од Одлуката за задолжителна резерва на банките во денари, задолжителната резерва се издвојува за секој календарски ден од периодот на издвојување.

За деновите кои се неработни, се внесува состојбата на сметката на банката и готовината во благајна од последниот работен ден.

- Колона 2 - се пополнува износот од пресметаната задолжителна резерва која се однесува за периодот на издвојување од Извештајот за пресметување на обврската за задолжителна резерва на банките во денари (Образец - ЗРБ).

- Колона 3 - се внесува состојбата на сметката на банката (сметка 1000).

- Колона 4 - се внесува состојбата на готовината во благајната на банката (сметка 101).

Како состојба на готовината во благајна на последниот ден од периодот на исполнување, се зема просекот од остварените состојби во сите претходни денови од тековниот период на исполнување.

- Колона 5 - се пресметува пропишаната стапка на готовина во благајна согласно точка 5 од Одлуката за задолжителна резева на банките во денари, која се користи за исполнување на обврската за задолжителна резерва.

- Колона 6 - се пресметува дневното исполнување на задолжителната резерва како збир од колоните 3 и 5.

- Колона 7 и 8 - се внесува кумулативниот износ од пресметаната задолжителна резерва (колона 2) и од дневното исполнување на обврската за задолжителна резерва (колона 6).

- Колона 9 - се пополнува разликата добиена од колоните 8 и 7, при што доколку се добие износ со негативен предзнак, укажува на кумулативен недостиг во исполнувањето на обврската за задолжителна резерва кој треба до крајот на периодот да се надомести, и обратно, позитивната состојба, укажува на повеќе издвоени средства.

2. Овој преглед банките се должни да го достават до Народна банка на Република Македонија првиот работен ден по истекот на периодот за одржување на задолжителната резерва.

3. Првиот преглед на овој образец се изготвува за периодот од 11.06. до 10.07.2003 година.

4. Ова упатство влегува во сила со денот на потпишување.

У.бр. 1422
23 април 2003 година
Скопје

Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

Образец ЗРО

П Р Е Г Л Е Д

за одржување на просечно ниво на задолжителна резерва во денари за период од 11.__ до 10.__ 2003 година

Датум	ЗР во процент	Состојба на сметката во банката (сметка 1000)	Состојба на готовината во благајна (сметка 101)	70% од состојбата на готовината во благајна	Пополнувачки износ на обврската за задолжителна резерва	Кумулативен износ на ЗР во процент од колона 2	Кумулативен износ на состојбата од колона 6	Пополнувачки (+) односно полнење (+) односно ЗР
1	2	3	4	5	6=3+5	7	8	9=8-7

АКТИ НА ФОНДОВИТЕ И ЗАВОДИТЕ

ФОНД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

12.

Согласно член 15 став 1 од Законот за Фондот за осигурување на депозити и член 33 точка 1 од Статутот на Фондот, Управниот одбор на V-та седница одржана на 31.03.2003 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ФОНДОТ

Член 1

Во членот 17 по зборовите: "стечајна постапка" се додаваат зборовите: "или ќе ги наплати од средствата на банката/штедилницата во санација".

Член 2

Во членот 21 во став 2 по зборовите: "стечајна постапка" се додаваат зборовите: "или од средствата на банката/штедилницата во санација".

Член 3

Во членот 33 по точката 14 се додава нова точка 15 која гласи: "Донесува одлука за исплата на осигурените депозити на физичките лица, кога мнозинството од членови на Управниот одбор оцени и одлучи дека банка или штедилница генерално престанала со исплата на депозитите на физичките лица или кога гувернерот на Народна банка на Република Македонија ќе донесе одлука за укинување на дозволата за основање и работење на банка или штедилница", а точките 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24 се заменуваат со броевите 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25.

Член 4

Во членот 48 во став 1 се додава нова алинеја 5 која гласи: "кога мнозинството од членови на Управниот одбор на Фондот оцени и одлучи дека банката или штедилницата генерално престанала со исплата на депозитите на физичките лица".

Член 5

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добиената согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-115/1 Претседател
31 март 2003 година на Управен одбор,
Скопје **Маја Парнарџиева,** с.р.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

13.

Врз основа на член 24 став 1 член 30 став 4 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 25/2000 и 34/2000), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 27.03.2003 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство ("Службен весник на РМ" бр. 111/2000) во членот 6 став 1 бројот: "15" се заменува со бројот "9".

Во став 4 зборот "седум" се заменува со бројот "пет".

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-2257/6 Управен одбор
31 март 2003 година Претседател,
Скопје проф.д-р **Софија Тодорова**, с.р.

14.

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 69 став 1 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 25/2000, 34/2000 и 96/2000), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 27.03.2003 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарна здравствена заштита ("Службен весник на РМ" бр. 48/2001) во член 5 ставот 4 се брише.

Член 2

Во членот 7 став 3 се брише.

Член 3

Во членот 9 став 1 бројот "68" се заменува со бројот "70".

Член 4

Во член 10 став 1 се бришат зборовите: "може" и "дополнително до".

Член 5

